АДВОКАТ
ЛИДИЈА ГОЛУБОВА
ул. 852 бр. 58 ГАЗИ БАБА
бр. на лиценца 3875-Скопје


# АДВОКАТ ЛИДИЈА ГОЛУБОВА СКОПЈЕ

Ул. 852 бр. 58, Гази Баба - Скопје, тел.: +389 74 600 700, e-mail: lidija.golubova@gmail.com
ж.с-ка: 200003006495980 Даночен број: 5080016505988 Стопанска Банка АД-Скопје


ДО:
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија**
**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.3**
**1000 Скопје**

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 27.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 933/3 | 1 | |


ПРЕДМЕТ:
Мислење и забелешки во врска со:

1. Нацрт – Упатствоо за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р. С. Македонија
2. Нацрт – Упатството за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава
3. Нацрт - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година

ОД:
Асоцијација на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје, претставувана од адвокат Лидија Голубова од Скопје, со адреса на ул. 852 бр. 58, Гази Баба – Скопје, e-mail: lidija.golubova@gmail.com, со број на лиценца 3875, со телефонски број: 074 600 700

Почитувани,

Во врска со објавените Нацрт – Правилник и Нацрт – Упатства наведени во предметот на овој допис на Вашата интернет страница, а за кои е отворена јавна расправа, ги искажуваме следното мислење и забелешки:

1. Во врска со **Нацрт – Упатствоо за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р. С. Македонија**, сметаме дека покрај физичкото лице, треба да се даде можност да се регистрира и застапникот на странскиот програмски сервис кој е овластен преку писмен документ (договор, полномошно и сл.) да ги застапува правата и интересетите на дадениот странски програмски сервис на територијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст РСМ), а кој застапник може да биде и физичко лице и правно лице кое може да е по потекло или основано во било која држава во светот, како и во РСМ.
   Исто така напоменуваме дека документите кои се предвидени законскиот застапник да ги поднесе при регистрација во дадениот регистар се премногу обемни, и сметаме дека истите може да се намалт и во обем и во квалтет (на пр.: да се регистрира само со преведена копија од доказот каде се гледа дека законскиот застапник е овластен застапник на странскиот програмски сервис кој има намера да се регистрира во РСМ).

Ул. 852 бр. 58, Гази Баба - Скопје, тел.: +389 74 600 700, e-mail: lidija.golubova@gmail.com
ж.с-ка: 200003006495980 Даночен број: 5080016505988 Стопанска Банка АД-Скопје

Сметаме дека да се воведе обврска секоја година за повторна регистрација на законски застапник на странски програмски сервис е обврска која не е предвидена во чл. 143 ст.4 од ЗААВМУ, па со оглед дека и нема некаква насока од законодавецот како да изгледа дадениот регистар, нема потреба од обременување на целокупната постапка, која сама по себе е нелогична и дискриминаторска, посебно со оглед дека ваква постапка не е предвидена за домашните играски сервиси. Овој регистар би требало да им ја олесни постапката на доммашните радиодифузери кога ќе се посомневаат дека им се оштетени некои правва од страна на странскиот програмски сервис, истите лесно да може да го исконтактираат конкретниот наносител на евентуална штета и со тоа да се избегнат нанесувања на некака штета и долгогодишни судски постапки за утврдување на некаква одговорност и штета.

2. Во врска со **Нацрт – Упатството за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава**, сметаме дека содржината на упатството е во ред, но имаме забелешка на рокот за достава на побараните документи, доколку истите треба да се преведуваат од овластен судски преведувач, па потоа преводот да се заверува на нотар. Знаете дека оваа постапка може да трае со денови, со оглед дека некои договори се обемни. Исто така сметаме дека само превод на бараниот доказ е сосема доволна обврска за операторот, но доколку сметате дека треба преводот потоа да се заверува на нотар, сметаме дека оваа постапа е непотребна со оглед дека и самиот судски преведувач дал заклетва и ја потврдува содржината на преводот. Овие постапки во суштина се долги и скапи, па не гледаме никака причина за воведување на истите. Оставете органот надлежен за прогон сам да процени дали ќе му треба и во каков формат и вид да биде доказниот материјал. Најчесто органите за прогон работат со оригинални документи кои подлежат на разни форензички техники и постапки за понатамошна обработка, па непотребните и долги постапки пред самиот кривичен прогон може да ја усложни истрагата, дури и попречат.

4. Во врска со **Нацрт - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година** сметаме дека добро Ви е познат нашиот став во врска со Изјавите утврдени во Прилог бр. 3 и 4, дека истите се против уставни и против законски, кој став е следниот: во членот 11 од КЗ на РСМ јасно и недвосмислено е утврдена **кривичната одговорност** на сторителите на кривичните дела, а тоа е дека **кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и при тоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото.** Во оваа законска одредба е утврдена непреносливоста на кривичната одговорност, која патем секаде, во сите кривични законодавства е исклучиво индивидуална и непреносива. Во казненото право не постои солидарна, колективна или поделена одговорност. Одговорноста е секогаш индивидуална, субјективна и омеѓена со вината за извршенот дело, кое нешто сите студенти на правните факултети го знаат, но од нам непознати причини законодаввниот дом изгласа една ваква противзаконска одредба и не стави во една неблагодарна ситуција и нас операторите, но и регулаторот кој треба да измислува постапк кои веќе се

Ул. 852 бр. 58, Гази Баба - Скопје, тел.: +389 74 600 700, e-mail: lidija.golubova@gmail.com
ж.с-ка: 200003006495980 Даночен број: 5080016505988 Стопанска Банка АД-Скопје

утврдени со специјални закони, како и да пропишува одговорност за субјекти кои не можат да одговараат бидејќи не се директни сторители на кривичното дело. Изјавата од застапникот на страснкиот програмски сервис е уникатен примерок во светското законодавство и нејасно е како законодавецот замислил странскиот застапник да ја даде спорната изјава, на кој јазик истата да биде, дали да биде дадена пред орган кој потврдува волја и изјава (нотар) и сл. Запознаети сте со Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на спорната одрдеба од ЗААМУ поднесена до Уставниот суд на РСМ, па оттаму сметаме дека треба да го одложите носењето на овој Правилник до одлуката на Уставниот суд.

Целта на регулаторот е да донесува правилни и законски правила на постапување на чинителите на пазарот ие работење го регулира, па оттаму сметаме дека Агенцијата е должна да ги почитува сите закони на РСМ, вклучувајќи го и Казнениот законик и да не носи некакви акти спротивни на истиот.

Во надеж на прифаќање на горенаведените размислувања и забелешки, однапред Ви се заблагодаруваме.

Со почит,

Скопје, 27.05.2020г.

За Асоцијација на кабелски оператори АКО – СИЗ Скопје,
**Адвокат Лидија Голубова**

АДВОКАТ
ЛИДИЈА ГОЛУБОВА
ул.852 бр. 58 ГАЗИ БАБА
бр.на лиценца 3875-Скопје